**Во оваа епизода, Елиот одговара на прашања поставени од студенти во врска со испитот ИЕЛТС, и тоа:**

- Како изгледа денот на тестирањето?
- Како можам да го подобрам резултатот во делот пишување ?
- Како да бидете повеќе самоуверени за време на ИЕЛТС делот говорење?

**Проверете ги овие корисни ресурси :**
[Task 1 Band Score Descriptors]
[Task 2 Band Score Descriptors]
[Magoosh Blog: IELTS Speaking Topics]
[Magoosh Blog: Test Day Information]

**Епизода Содржина**
**Наоми**: Добредојдовте во оваа Магуш ИЕЛТС програма. Ова е Епизода 17. Во оваа епизода ние ќе ви одговориме на прашањата поставени од студенти кои ќе полагаат ИЕЛТС, вклучително и:

- Како изгледа на денот на тестот ?
- Како можам да го подобрам резултатот во делот пишување?
- Како да бидете повеќе самоуверени за време на ИЕЛТС делот говорење ?

Со сигурност посетете ја страницата IELTS.Magoosh.com за повеќе ресурси на тоа како да го подобрите вашиот ИЕЛТС резултат. Искористете го купон кодот “ieltspodcast” за да заштедите 20% на вашата подготовка за ИЕЛТС тестот !

Ајде да почнеме. Имаме прекрасно шоу за вас денеска. Ние ги прашавме членовите на Магуш ИЕЛТС фејсбук групата што би сакале да дознаат во врска за испитот ИЕЛТС и вашиот учител Елиот ќе ги одговори сега.

**Елиот**: Така е .Знам дека полагање ИЕЛТС е навистина тешко.Може да биде ризично и ние сакаме да ви помогнеме за да го добиете посакуваниот резултат. Јас со задоволство ќе одговорам на прашањата и доколку вие го слушате ова и имате дополнителни прашања ,можете да ме контактирате или оставете видео порака на help@magoosh.com и истите може ќе бидат одговорени во идни епизоди .

**Наоми**: Да! Ние би сакале да слушнеме од вас и потрудете се да го вклучите вашето име и локација во видео пораката! Дали сте подготвени да почнеме?

**Елиот**: Ајде!

**Наоми**: Во ред. Ким на Фејсбук прашува: Дали некој може да ми каже како е на денот на испитот ИЕЛТС? Дали може да донесам со себе мобилен и храна? Јас ќе го полагам испитот во Сиетл.

**Елиот**: Многу добро прашање Ким. Ова е едно од прашањата кое го добиваме од многу студенти.

- Вие можете да донесете телефон во тест центарот но ќе биде побарано од вас да го оставите во посебна просторија.
- На вас ќе ви биде дозволено со себе да внесете пенкало, молив, гума за бришење и вашиот пасош или лична карта.

- Погрижете се да имате оброк пред да дојдете во центарот затоа што храна не е дозволена да се внесува во просторијата каде се тестирате.
- Други детали:
    - Испланирајте го вашето патување  до центарот неколку дена порано и на денот на испитот пристигнете порано
    - Погрижете се со вас да ја имате соодветната идентификација како што ви беше назначено од тест центарот
    - Слушање, читање и пишување се од времетраење од 2часа и 40минути
    -

Линк за повеќе информации можете да најдете во делот за детали.

**Наоми**: Ова се навистина корисни информации Елиот. Јас дефинитивно се согласувам дека треба да имате доручек пред тестот .Јас кога сум гладна ми претставува проблем да размислувам за се останато овен храна.

**Елиот**: Ха ха (се смее)

Наоми:  Во ред, сега има друго прашање за тебе. Летиција на фејсбук не прашува: Како можам да го подобрам резултатот од 6 на пишување на 7 ?

**Елиот**: Тој магичен број 7 кој се бара за повеќето студиски програми.

- Најдете го  калкулаторот за  пресметување на резултатот во делот за детали
- Колку време треба да посветам на пишување  пред да го полагам испитот?
    - Размислете за земање на часови или приватни лекции со тутор.
    - Во меѓувреме фокусирајте се :
        - Организација на есејот
        - Формирање на параграфи
        - Добивање на идеи за есеј
        - Фонд на зборови
        - Поправање на граматиката

    - На подолг план период имајте на ум:
        - Работете на подобрување на граматиката

**Наоми**: Добри препораки Елиот!  На мене ми изгледа дека проблемот со менаџирање на времето игра голема улога на ИЕЛТС делот за пишување . Исто така доколку ви е потребно повеќе вежбање со фондот на зборови ,јас ви препорачувам да ги слушнете минатите епизоди од овој подкаст каде имам опфатено пообемен дел од корисни зборови кои треба да ги знаете за ИЕЛТС .

**Елиот**: Токму така .Најдобар начин за изучување на нови зборови е повторно слушање и употребување на зборовите во реченици.

**Наоми**: Во ред, јас имам едно последно прашање за тебе. Ова прашање беше доставено до нас преку гласовна порака на нашиот и-мејл  [help@magoosh.com](mailto:help@magoosh.com) . Истото го испрати Жан Лук и истото гласи *[снимка] Здраво Елиот- Јас сум нервозен и правам многу грешки за време на интервјуто во делот говорење. Како да се справам со ова ?*

**Елиот**:
Многу студенти се соочуваат со овој проблем. Ова е очекувано...

- Искористете го делот 1 од интервјуто:
    - Овде имате лесни прашања кои се наменете за да ве отпуштат и подготват
    - Некои од нив се дури и предвидливи:
        - Ние имаме листа на прашања кои можете да ги користите за вежбање

- Усовршете го делот 2 со планирање
    - Структурата на овој дел е строго предвидлива. Вежбајте:
        - Планирајте го вашиот одговор во 1 минута
        - Одговорете на секое прашање од овој дел
        - Размислувајте и додадете детали кои ќе го подржат вашиот концепт, идеа

**Наоми**: Ова беше навистина забавно! Ти благодарам многу за денешното време издвоено за да дадеш одговор на прашањата од нашите студенти **Елиот** . Се надевам дека ова ќе им помогне на нашите слушатели да имаат поуспешно ИЕЛТС искуство .

**Елиот**: Да ова беа навистина добри прашања! Доколку оваа епизода ви е од помош на вас, ве покануваме да ги испратете вашите прашања на следниов имејл help@magoosh.com со назнака ИЕЛТС Подкаст и ние ќе ги одговориме во некоја од следните епизоди .

**Наоми**: Ова е се за денеска! Ви благодариме што не слушавте! Доколку ви се допаѓа нашата емисија помогнете ни со оставање на коментар и не заборавајте да ни дадете рејтинг на Apple Podcasts, со тоа ќе им помогнете на други да не најдат ! И не заборавајте да стиснете на копчето за претплата. До следен пат! Ова е Наоми од Магуш и ви посакувам среќно учење!